РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО
ТЕЛО ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ИПАРД

# ИЗВЕШТАЈ

за напредокот на активностите за комуникација и публицитет на ИПАРД Програмата 2014-2020 за 2022 година

*(Согласно Член 30 (3) од Секторскта Спогодба)*

Десетти состанок на Комитетот за следење на ИПАРД Програмата 2014-2020

Мај, 2022 година

СОДРЖИНА:

I. ВОВЕД ..... 3
II. РЕАЛИЗИРАНИ АКТИВНОСТИ ..... 4
1. Доставување на директни информации ..... 4
2. Појавувања во национални и локални медиуми ..... 4
3. Објавување листа на крајни корисници на ИПАРД Програмата 2014-2020 ..... 5
4. Ажурирање на веб-страницата www.ipard.gov.mk ..... 5

# I. ВОВЕД

Активностите кои се поврзани со публицитетот на ИПАРД Програмата 2014-2020 се предвидени во Годишниот акциски план за публицитет и комуникација на ИПАРД Програмата за 2022 година. Конкретните цели на планот за публицитет се: доставување квалитетни информации до целните групи за да се промовираат можностите понудени од помошта на Европската Унија и нашата земја, да ги промовира резултатите од имплементацијата на ИПАРД Програмата, да го зголеми бројот на квалитетни апликации и да ја подигне свеста кај пошироката јавност за придонесот од Европската унија.
Активностите наведени подолу, се спроведуваат во согласност со Годишниот акциски план за публицитет и комуникација на ИПАРД Програмата за 2022 година (Прилог 1) Планираните активности се однесуваат посебно на:

- Организирање (on-line или со физичко присуство) на ИПАРД инфо едукативни денови преку промовирање на успешни примери;
- ИПАРД форуми (on-line или со физичко присуство) за поуспешна имплементација на ИПАРД Програмата 2014-2020 година;
- ИПАРД работилници (on-line или со физичко присуство) за подготовка на ИПАРД формулари за аплицирање, објавување јавни повици
- Настапи/интервјуа во електронски медиуми и весници;
- Објавување на листата на крајни корисници на средства од ИПАРД Програмата;
- Изработка и дистрибуција на формулари за аплицирање и насоки посветени на ИПАРД 2014-2020;
- Подготовка и дистрибуција на брошури посветени на публицитетот на ИПАРД 2014-2020;
- Креирање и објавување аудио и видео клипови;
- Ажурирање на веб-страницата: www.ipard.gov.mk

Поголем дел од планираните активности се спроведени од Институциите одговорни за спроведување на горенаведените планирани активности во согласност со нивните надлежности и функции се следните: Тело за управување со ИПАРД при Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој (АФПЗРР).

# II. РЕАЛИЗИРАНИ АКТИВНОСТИ

## 1. Доставување на директни информации

Согласно член 12 став 3 од Спогодбата склучена помеѓу Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој и Телото за управување со ИПАРД за спроведување на ИПАРД Програмата, Агенцијата доставува месечни извештаи за промотивните активности на Агенцијата. Доставувањето на информациите, по телефон и електронска пошта, до потенцијалните корисници се врши континуирано, односно во телефонскиот центар на Агенцијата за финансиска поддршка на земјоделството и руралниот развој. Информациите за публицитетот дава и Телото за управување со ИПАРД преку електронска пошта, телефонски и во просториите на Секторот за управување со ИПАРД Во периодот помеѓу два мониторинг комитета примени се над 80 повици и поставени повеќе прашања.

Прашањата кои беа поставени на веб-страницата на Агенцијата се однесуваат на приоритетните сектори, , кој има право да аплицира и кои се прифатливите инвестиции, прашања за обновливите извори на енергија, и многу други поврзани со мерките од ИПАРД Програмата. Бидејќи ИПАРД Програмата беше усвоена и објавена на 15ти Март 2022 година, прашањата кои беа поставувани се однесуваа на ИПАРД новиот програмски период 2021-2027.

Прашањата и одговорите поставени од заинтересираните страни, по електронска пошта и на организираните настани,, се објавени на веб-страниците на Телото за управување и ИПАРД Агенцијата (АФПЗРР).

Повеќе информации може да се видат во делот често поставувани прашања и одговори во врска со ИПАРД 2014-2020 на линкот: http://ipard.gov.mk/mk/cpp/ и http://www.ipardpa.gov.mk/Root/mak/default_mak.asp/ во делот „ИПАРД Програма 2014-2020/ Прашања за ИПАРД повици", за сите доставени прашања и http://www.ipardpa.gov.mk/Root/mak/default_mak.asp во делот „ИПАРД Програма 2014-2020/ ИПАРД дневни прашања", за секојдневно поставувани прашања и одговори.

## 2. Појавувања во национални и локални медиуми

Во овој период имаше доволен број на појавувања, соопштенија и интервјуа на националните и локалните радио и телевизиски канали како и дневните весници и интернет порталите (повеќе од 105 објави на соопштенија за печатот).

Во врска со соопштенија и интервјуа, официјално лице од ИПАРД Агенцијата имаше 1(едно) интервју за МТВ кое беше емитувано во емисијата Агенда 35 на 23ти Март 2022 година и во повеќе медиуми. Во интервјуто беа опфатени теми во врска ИПАРД III Програмата, поддршката од Европска Унија и јавната поддршка во целина, новите услови кои се усвоени, реализација на ИПАРД II Програмата и исплатите, очекуваните ефекти врз развојот на економијата.

Дел од соопштенијата за печат може да се погледнат на следните линкови:

https://skopje1.mk/archives/159622
https://frontline.mk/2022/01/20/nikolovski-vo-valandovo-severna-makedoni-a-e-prodlzhi-da-bide-lider-vo-iskoristenost-na-ipard-toa-e-vlog-vo-razvo-na-zem-odelstvoto-i-ekonomi-ata/

https://www.ohridnews.com/ohridskite-zem-odelci-na-mnogu-a-koristat-merkata-za-nabavka-na-mehanizaci-a-od-ipard-programata/
https://nezavisen.mk/od-ipard-3-se-ochekuvaat-nad-50-otsto-povekje-sredstva/
https://makpress.mk/Home/PostDetails?PostId=455611
https://www.biznisvesti.mk/novi-merki-i-mozhnosti-za-makedonskiot-agrar-so-ipard-3/
https://www.vecer.press/%D0%BD%D0%BE%D0%B2%D0%B8-%D0%BC%D0%B5%D1%80%D0%BA%D0%B8-%D0%B8-%D0%BC%D0%BE%D0%B6%D0%BD%D0%BE%D1%81%D1%82%D0%B8-%D0%B7%D0%B0-%D0%BC%D0%B0%D0%BA%D0%B5%D0%B4%D0%BE%D0%BD%D1%81%D0%BA%D0%B8%D0%BE%D1%82/
https://novatv.mk/nikolovski-evropskata-komisija-ja-usvoi-novata-ipard-3-programa-za-severna-makedonija-so-nad-60-povisok-budhet/
https://www.brif.mk/investirajte-vo-ruralen-turizam-merka-7-ke-bide-zastapena-i-vo-novata-ipard-3-programa-2021-2027/

Во медиумите континуирано се објавуваат, соопштенија и информации за ИПАРД Програмата. Прилог 3 прикажува дел од материјалот поврзан со ИПАРД Медиуми - Прес клипинг. Поради бројноста на објавите во печат, даден е само дел од материјалот.

## 3. Објавување листа на крајни корисници на ИПАРД Програмата 2014-2020

Согласно Акцискиот план за комуникација и публицитет за 2022 година, активноста за објавување листа на крајни корисници на средства од ИПАРД Програмата 2014-2020 ја спроведува АФПЗРР како одговорно тело за реализација на оваа активност. Листата на крајни корисници се објавува квартално на веб-страницата на Агенцијата (Прилог 4) на следниот линк: http://www.ipardpa.gov.mk/Root/mak/default_mak.asp

Објавените листи на исплати реализирани квартално се:

Реализирани исплати на средства од ИПАРД II Програмата за период 05.01.2022 до 05.04.2022 [ мк]
Реализирани исплати на средства од ИПАРД II Програмата за период 05.10.2021 до 04.01.2022 [ мк]
Реализирани исплати на средства од ИПАРД II Програмата за период 07.07.2021 до 04.10.2021 [ мк]

## 4. Ажурирање на веб-страницата www.ipard.gov.mk

Веб-страницата www.ipard.gov.mk редовно и континуирано се ажурира со информации и новости во врска ИПАРД III програмскиот период. ИПАРД III Програмата е објавена на веб-страницата. За повеќе информации следете го линкот:

https://ipard.gov.mk/en/draft-ipard-2021-2027-programme/

Интернет страницата се ажурира со информации, документи и фотографии од деветтиот состанок на Комитетот за следење на ИПАРД , посетата на успешни проекти реализирани од ИПАРД Програмскипериод 2014-2020 достапни на следните линкови:

https://ipard.gov.mk/en/announcement/ninth-meeting-of-the-monitoring-committee-for-the-ipard-programme-2014-2020/
https://ipard.gov.mk/en/gallery/ninth-meeting-of-the-monitoring-committee-for-the-ipard-programme-2014-2020-2/

Промени на интернет страницата се направени во главното мени со ИПАРД Програмата 2021-2027 и соодветни под менија и информации во врска ИПАРД Програмата како и Одлуката за усвојување на на Програмата и други соодветни информации. Најново објавено

соопштение е со наслов и во врска „Европската комисија ја одобри ИПАРД Програмата 2021-2027".
https://ipard.gov.mk/en/announcement/the-european-commission-has-approved-the-ipard-programme-2021-2027/

Во периодот од декември до мај 2022 година, веб-страницата има статистика за посетеност која е прикажана во Анекс 2, Статистиката ги бележи следниве податоци, и тоа:

- Корисници на веб-страница 8081,
- Нови корисници 7699,
- Вкупно прегледи на страници 37730.

Веб-страницата е посетена од многу заинтересирани странки од различни земји, од нашата земја, земјите во регионот и пошироко.

Веб-страницата http://ipard.gov.mk/mk/pocetna/ редовно се ажурира со информации, соопштенија и новости поврзани со активностите за спроведување на ИПАРД Програмата 2014-2020.

## *Прилог 1: ИПАРД Програма 2014-2020, Годишен акциски план за комуникација и публицитет за 2022 година*

| Активност | Одговорност | Цели за реализација | Распоред за 2022 | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 12 |
| Организација (on-line или со физичко присуство) на ИПАРД информативни денови со промовирање на успешни примери; | ТУ ИПАРД | 24 | | | | | | | | | | | | |
| ИПАРД форуми (on-line или со физичко присуство) за научени лекции за поуспешно спроведувањето на ИПАРД; | ТУ ИПАРД | 3 | | | | | | | | | | | | |
| Појавувања/ прилози во пишани и електоронски медиуми; | ТУ ИПАРД и АФПЗРР | 200 | | | | | | | | | | | | |
| Објавување на листата на крајни корисници на средства од ИПАРД Програмата 2014-2020; | АФПЗРР | 1 | | | | | | | | | | | | |
| Изработка и дистрибуција на печатени информации и материјали во врска ИПАРД Програмата 2014-2020; | ТУ ИПАРД и АФПЗРР | 2000 | | | | | | | | | | | | |
| Изработка и дистрибуција на брошури посветени на ИПАРД Програмата 2014-2020 | ТУ ИПАРД и АФПЗРР | 2000 | | | | | | | | | | | | |
| Изработка и објава на книга - илустрирана едиција за успешни примери имплементирани со ИПАРД Програмата 2014-2020; | ТУ ИПАРД и АФПЗРР | 500 | | | | | | | | | | | | |
| Изработка и објава на промотивни аудио и видео спотови; | ТУ со ИПАРД | 6 | | | | | | | | | | | | |
| Изработка, одржување и ажурирање на веб страницата www.ipard.gov.mk | ТУ со ИПАРД | 1 | | | | | | | | | | | | |
| | | подготвителни активности | | | реализација/дистрибуција на активностите | | | | | | | | | |

# *Прилог 2: Посетителите на веб-страницата на ИПАРД*

Analytics ipard.gov.mk All Web Site Data

Go to report

**Audience Overview**

All Users
100.00% Users

Dec 1, 2021 - May 2, 2022

**Overview**




| Users | New Users | Sessions | Number of Sessions per User |
|---|---|---|---|
| 8,081 | 7,699 | 12,175 | 1.51 |

| Pageviews | Pages / Session | Avg. Session Duration | Bounce Rate |
|---|---|---|---|
| 37,730 | 3.10 | 00:02:41 | 46.96% |




| | Language | Users | % Users |
|---|---|---|---|
| 1. | en-us | 3,960 | 48.80% |
| 2. | en-gb | 1,713 | 21.11% |
| 3. | mk-mk | 1,125 | 13.86% |
| 4. | mk | 411 | 5.06% |
| 5. | en-mk | 117 | 1.44% |
| 6. | en | 106 | 1.31% |
| 7. | sr-rs | 85 | 1.05% |
| 8. | de-de | 62 | 0.76% |
| 9. | zh-cn | 60 | 0.74% |
| 10. | mk-gb | 52 | 0.64% |

## *Прилог 3: Медиуми за ИПАРД - Прес клипинг*

# Од ИПАРД 3 се очекуваат над 50 отсто повеќе средства

11/02/2022 07:40



Европската комисија овој месец треба да ја усвои новата ИПАРД 3 Програма 2021 – 2027 за нашата држава, а откако ќе се завршат административните процедури, ќе биде објавен и првиот јавен повик.

Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство Љупчо Николовски вели дека се очекува со ИПАРД 3 земјава да добие над 50 проценти повеќе средства од ИПАРД 2.

Во интервју за МИА тој најавува дека се работи и на акредитирање нови мерки.

Досега, ИПАРД средства најмногу се бараа за опрема и модернизација на производствени и преработувачки капацитети, но во последно време атрактивна е и мерката за рурален туризам.

-Еден од највисоките приоритети на кои сум фокусиран е ИПАРД зашто знам дека инвестицијата, времето и енергијата што ги потрошивме од 2017 до 2019 година дадоа резултат. Станавме лидери според искористеноста на ИПАРД. Од земја која плаќаше пенали во 2017 година поради неискористени средства, неакредитирни мерки и комплицирани процедури, денес сме пример во целиот регион. Другите учат од нас како да ја зголемат апсорпцијата на европските пари, вели Николовски.

Тој нагласува и дека е постигнат значителен напредок во однос на времето од објавување на повикот до склучување договор за реализација на инвестицијата.




### Најчитани

Научниците мислат дека конечно откриле како…
29/04/2022 09:16

На Ана Брнабиќ ѝ зуело во главата по средбата со…
28/04/2022 08:15

Народната банка работи на подготовки за дигитален…
28/04/2022 10:57

БГНЕС: Вулгарни антибугарски транспарен…
02/05/2022 15:17

Американскиот долар на највисоко ниво во…
28/04/2022 08:10

Што велат цивилите евакуирани од Азовстал:…
02/05/2022 07:29



MP MakPress

ПОЧЕТНА | МАКЕДОНИЈА | СВЕТ | СПОРТ | ГАЛЕРИИ | МАГАЗИН | ОПУШТЕНО | НЕ ПРОПУШТАЈТЕ | ИНТЕРВЈУА | АРХИВА

## ДОДЕЛЕНИ ДОГОВОРИТЕ ОД ИПАРД 2 ЗА ДИВЕРЗИФИКАЦИЈА НА ФАРМИ И РАЗВОЈ НА МАЛИ БИЗНИСИ

Share Tweet




Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство Љупчо Николовски и директорот на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој Никица Бачовски денеска ги доделија договорите за мерката седум од ИПАРД 2 Програмата, која се однесува на диверзификацијата на фарми и развојот на мали бизниси.

Како што истакна Николовски, на последниот повик имало голема заинтересираност, одобрени се 110 апликации за вкупно 13,5 милиони евра поддршка, а вредноста на одобрените инвестиции изнесува 22 милиона евра.

Според него, средства од мерката седум се побарани за инвестиции во сместувачки капацитети, за ветеринарни услуги, за набавка на опрема за производство на преработени производи и пијалаци, а апликантите се од различни делови на државата што ќе поттикне рамномерен регионален развој, развивање на руралните подрачја и отворање нови работни места.

-Мерката седум има широка примена и нуди поддршка за најразлични инвестиции во повеќе области: преработена индустрија, изградба на хотели, кампови, музеи, производство на мебел, облека, соларни системи за топла вода, поставување фотоволтаици, пекарски производи,.... Радува фактот што овој повик имаше голема заинтересираност. Очекуваме комплетна искористеност на средствата, рече Николовски.









ОХРИД

## Охридските земјоделци најмногу ја користат мерката за набавка на механизација од ИПАРД програмата

27.01.22 10:14 Прегледи: 301

Like 1 Share Tweet

Зголем интерес за искористување на мерките од ИПАРД програмата во Охрид. Земјоделците постојано се јавуваат за обновување на механизацијата вели Билјана Ѓорческа, раководител на Одделение за Југозападен регион – Охрид, при Агенцијата за поттикнување за развој на земјоделството.

> **Најголем интерес има за мерката 1 која опфаќа модернизација и инвестиција на земјоделски стопанства која вклучува набавка на трактори, приклучна механизација, подигање на нови овошни и лозови насади пропратено со систем капка по капка, вели Ѓорчевска.**

Ѓорчевска од ИПАРД програмата ги споменува и мерката 2 која вели се однесува на преработувачки капацитети, каде учествуваат правни лица, како и мерката 3 за диверзификација и развој на рурални средини односно селски туризам, каде што може по населените места во руралните средини да се

ОГЛАСИ
04 MAR 2022 ЛТХ ВРАБОТУВА МАШИНСКИ ИНЖЕНЕРИ
Исчистете ги крвните садови и регулирајте го крвниот притисок со природни капки кои потрошиле милијарди долари
ДИСКОНТ РАЈ
LAVAZZA ITALY'S FAVOURITE COFFEE
РЕГИОНАЛЕН ДИСТРИБУТЕР ЗА ЛАВАЦА КАФЕ
КАРМЕН БАУЦЕНТАР
НОВО ВО ОХРИД



среда, мај 4, 2022 Насловни Колумни Огласи Издвоено Фото Фељтони Импресум Маркетинг Претплата Контакт

вечер ... 1963

ДОМА МАКЕДОНИЈА БАЛКАН СВЕТ СКОПСКА ЕКОНОМИЈА КУЛТУРА LIFE ЗАБАВНА КОЛУМНИ ЕКО СПОРТ

Дома › МАКЕДОНИЈА › Нови мерки и можности за македонскиот аграр со ИПАРД 3

МАКЕДОНИЈА

Нови мерки и можности за македонскиот аграр со ИПАРД 3

Од страна на Вечер - 12/03/2022 - 13:25 19

Сподели

Европската комисија неделава ја усвои новата ИПАРД 3 програма за Македонија, во која се содржани нови мерки кои значат нови инвестиции за македонското земјоделство, изјави денеска министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство Љупчо Николовски.

Со ИПАРД 3 се отвора можност во наредните седум години во македонскиот аграр да бидат инвестирани 250 милиони евра.

– ЕК ја препозна нашата посветеност за успешна искористеност на мерките од ...ната ИПАРД 2 програма. Особено ми е драго што буџетот за оваа ИПАРД 3

ADMIRAL

ШТОТУКУ ОБЈАВЕНО

Жолтото ниво на закана од тероризам продолжено во седум области во...
04/05/2022 - 22:30

ВМРО-ДПМНЕ на 10 мај ќе почне со активна блокада на Собранието,...
04/05/2022 - 22:19

Интер ова лето нема да ги продава најголемите ѕвезди
04/05/2022 - 22:11

Средби на директорот на БЈБ, Тасевски, со директорите на полициите на...
04/05/2022 - 22:10

Вчитај повеќе

ЗА НАС ИМПРЕСУМ МАРКЕТИНГ УСЛОВИ ЗА КОРИСТЕЊЕ КОНТАКТ
Search...
Brif brif.mk
ДОМА МАКЕДОНИЈА АГРО БРИФ ЕКОНОМИЈА СВЕТ ХРОНИКА МАГАЗИН СПОРТ РАКУРС ВИДЕА
МЕБЕЛ-ВИ 25 години со

## Инвестирајте во РУРАЛЕН ТУРИЗАМ- Мерка 7, ќе биде застапена и во новата ИПАРД 3 програма (2021-2027)

Like 1 Tweet March 16, 2022 17:06



Like 1 Tweet

Европската комисија, ја усвои новата ИПАРД 3 програма за Република Северна Македонија – објави министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство Љупчо Николовски.

ИПАРД 3 програмата овозможува пристап до фондовите на Европската Унија наменети за финансиска помош на земјоделството и руралниот развој.

Од искористувањето на фондот од ИПАРД 3 Програмата (2021-2027), кој ќе биде за 60% поголем од буџетот на ИПАРД 2, се очекуваат многубројни придобивки како на пример:

– подобрување на стандардот на земјоделците,

– подобрување на пазарната конкурентност и ефикасност,

-зголемување на вработеноста во руралните средини,

-подобрување на ветеринарните стандарди и унапредување и заштита на животната средина.

VEZËSHARRI LECKER elektro SHARRI
НОВО на ПАЗАРОТ appetite&weight control GLUCOMANNAN FORMULA Витки, а сити!
1 kWh = 3 фенирања
NEPTUN haPPy WEEK!

## *Прилог 4: Листи на крајни корисници*

